РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Бр. 03-144/2
15.09 2023 год.
н.Илинден Илинден

Врз основа на донесената одлука од Училишниот одбор на ООУ „Гоце Делчев“ н.Илинден 02-9/20 од 14.09.2023 и Одлука за распишување јавен повик донесена од Директорот на ООУ„Гоце Делчев“ н.Илинден арх.бр.03-144/1 од 14.09.2023 година, ООУ „Гоце Делчев“ н.Илинден објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

## за давање под закуп на недвижен имот

### *1. Опис на јавниот повик*

1.1. ООУ„Гоце Делчев“ н.Илинден распишува јавен повик за издавање на училишен простор ( спортска сала и училница).

1.2 Издавање под закуп на училишен простор (1 училница) наменета за курсеви по странски јазици (од понеделник до петок) со почетни термини од 13 до 20 часот и спортска сала (од понеделник до петок) со почетни термини од 16 до 21 часот за период од 1 Октомври 2023 година до 31 Јуни 2024 година

1.3 Јавниот повик трае 15 дена од денот на објавување.

### *2. Право на учество на Јавниот повик*

Право на учество на јавниот повик за закуп на недвижен имот имаат физички и правни лица. Секое правно и физичко лице за користење во утврдениот период на јавниот повик треба да достави понуда со назив и бараните термини.

### *3. Услови што треба да ги исполни барателот*

3.1 Просторот се издава за настава ,спорт и рекреација.На јавниот повик закупецот е должен да достави потврда за дејност спорт, издадена од Агенцијата за млади и спорт како и листа на лиценцирани тренери и професори по физичко и здравствено образование кои ќе ги одвиваат тренинзите.

Доказ од Централен регистар за регистрирана дејност.

***4. Начин на пријавување на Јавниот повик***

4.1. За учество на јавниот повик, барателот е должен да ја поднесе следната документација:

- пополнување на барање кое треба да се достави до архивата до ООУ „Гоце Делчев“ н.Илинден во прилог со бараните документи.

4.2 Почетна цена на закупнина од 1час (60 минути) е 600,00 денари.

4.3 Просторот се дава со опрема и инвентар што неможе физички да се издвои ,е во функција на намената (настава и спорт) затоа закупецот е должен да положи депозит за покривање на штета што може да биде причинета при користење на просторот во висина од 6000 денари.

***5. Начин на спроведување на Јавниот повик***

5.1. За спроведување на јавниот повик Директорот формира Комисија за спроведување на Јавниот повик за доделување на користење на просторот.

**6. Начин на остварување на правото на закуп**

6.1.Директорот на ООУ „Гоце Делчев“ н.Илинден на предлог на Комисијата ќе потпише договор со барателите кои ги исполниле условите врз основа на Јавниот повик.

6.2. Директорот на ООУ „Гоце Делчев“ н.Илинден на предлог на Комисијата ќе ги извести за неусвојување на барањето, барателите кои не ги исполниле условите врз основа на Јавниот повик

Директор
м-р Душанка Крстевска